**2023031544**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 31 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.282/22) и врз основа на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.282/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 7 февруари 2023 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ХРАНА ЗА 2023 ГОДИНА

I

(1) Со оваа програма ќе се реализираат активности за поддршка на земјоделски стопанства запишани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и кои се регистрирани или евидентирани како оператори со храна од животинско или неживотинско потекло согласно Правилникот за отстапувања од посебните мерки за хигиена за малите бизниси, начинот и барањата кои треба да се исполнат при директно снабдување со храна од страна на производител до краен потрошувач, условите за просториите, материјалите, инструментите и опремата во објектите кои произведуваат, како и начинот на производство на храна со традиционални карактеристики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/20), за храна од растително потекло или Правилникот за барањата за условите и хигиена за производство и ставање во промет на храната од животинско потекло наменета за директно снабдување, локализирана активност, во географски или економски ограничувања, како и општите и посебните барања за примена на традиционални методи на производство, преработка и дистрибуција на храна со традиционални карактеристики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.144/19), за храна од животинско потекло.

(2) Средствата за реализација на оваа програма се обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.282/22), раздел 14001 – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, програма 3 – Земјоделство и рурален развој, потпрограма 34 – Рурален развој, ставка 489 – Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации во износ од 35.000.000 денари.

II

Средствата од дел I на оваа програма се наменети за доделување на неповратна финансиска поддршка за инвестиции во опрема и основни средства и услуги, кои имаат за цел:

- остварување на додадена вредност на примарното производство;
- развој на производи со традиционални каректеристики и
- зголемување на конкурентноста, како и развој на семејни бизниси од областа на производство на храна.

III

(1) Корисници на средствата можат да бидат земјоделски стопанства запишани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и кои се регистрирани или евидентирани како оператори со храна од животинско или неживотинско потекло согласно Правилникот за отстапувања од посебните мерки за хигиена за малите бизниси, начинот и барањата кои треба да се исполнат при директно снабдување со храна од страна на производител до краен потрошувач, условите за просториите, материјалите, инструментите и опремата во објектите кои произведуваат, како и начинот на производство на храна со традиционални карактеристики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/20) за храна од растително потекло или Правилникот за барањата за условите и хигиена за производство и ставање во промет на храната од животинско потекло наменета за директно снабдување, локализирана активност, во географски или економски ограничувања, како и општите и посебните барања за примена на традиционални методи на производство, преработка и дистрибуција на храна со традиционални карактеристики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.144/19), за храна од животинско потекло.

(2) Субјекти кои се регистриани со пчелни семејства во Единствениот регистар на земјоделски стопанства при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и се регистрирани како производители на мед и производи од мед во Агенцијата за храна и ветерина, субјекти регистрирани како производители на вино во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и субјекти кои се евидентирани како производители на пиво и жестоки алкохолни пијалаци во регистрите на Царинската управа не можат да бидат корисници на финансиска поддршка согласно оваа програма.

(3) Проверката во Евиденција на примарни производители на храна од животинско потекло и Евиденција на оператори со храна и објекти за производство и преработка на мали количини на производи од неживотинско потекло на Агенцијата за храна и ветерина и во Единствениот регистар на земјоделски стопанства при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, по службена должност ја врши комисијата од дел IV, став (7) од оваа програма.

(4) Висината на финансиската поддршка согласно оваа програма изнесува до 600.000,00 денари по корисник без вклучен ДДВ за следните намени и активности):

- трошоци за набавка на опрема за производство на храна (доработка и преработка на примарни земјоделски производи) до 90 % од висината на вкупната поддршка и/или
- трошоци за ангажирање на стручно лице (технолог за производство на храна), кои што не надминуваат 10% од вкупниот износ од висината на финансиската поддршка по корисник.

IV

(1) За доделување на финансиската поддршка согласно оваа програма, Министерството на веб страницата www.mzsv.gov.mk објавува отворени јавни повици за прибирање на барањата за финансиска поддршка и тоа:

- Јавен повик за прибирање на барања за финансиска поддршка за земјоделски производители на храна од животинско потекло и
- Јавен повик за прибирање на барања за финансиска поддршка за земјоделски производители на храна од неживотинско потекло.

(2) Средствата од делот I ставот (2) на оваа програма се распределуваат во еднаков соодност за јавните повици од ставот (1) на овој дел.

(3) Во случај кога искористеноста на средствата на еден јавен повик не е целосна, средствата можат да бидат искористени за другиот јавен повик доколку по истиот има поднесено повеќе барања од расположливиот буџет.

(4) Финансиската поддршка согласно оваа програма се остварува со поднесување на барање до Министерството, дадено во Прилог 1 на оваа програма.

(5) Еден корисник може да поднесе само едно барање за доделување на финансиска поддршка согласно оваа програма.

(6) Кон барањето од став (4) од овој дел, барателот треба да ги достави следните документи:

(а) За физички лица:

- копија од важечка лична карта;
- легитимација за регистарски број на одгледувалиште (РБО) издаден од Агенцијата за храна и ветеринарство (доколку се работи за животинско производство);
- изјава заверена на нотар дека не користел средства од други извори за иста намена и активности наведени во барањето што би значело двојно финансирање на истите намени и активности од различни извори (Прилог 2);
- доказ од Управа за јавни приходи за платени даноци и други јавни давачки;
- деловен план (Прилог 3);
- понуда/профактура за планираната опрема (минимум три понуди од различни понудувачи за истиот тип на наведени планирани трошоци во деловниот план) и
- договор за користење на услуги од стручни лица (доколку барателот предвидува користење на таква услуга).

(б) за правни лица:

- тековна состојба од Централен регистар на Република Северна Македонија;
- изјава заверена на нотар дека не користел средства од други извори за иста намена и активности наведени во барањето што би значело двојно финансирање на истите намени и активности од различни извори (Прилог 2);
- доказ од Централен регистар на Република Северна Македонија дека не е поведена стечајна и ликвидациона постапка;
- доказ од Управа за јавни приходи за платени даноци и други јавни давачки;
- деловен план (Прилог 3);
- понуда/профактура за планираната опрема (минимум три понуди од различни понудувачи за истиот тип на наведени планирани трошоци во деловниот план) и
- договор за користење на услуги од стручни лица (доколку барателот предвидува користење на таква услуга), освен во случај кога правното лице има вработен технолог.

(7) Барањето за доделување на финансиската поддршка согласно оваа програма може да се обезбеди преку веб-страницата на Министерството: www.mzsv.gov.mk.

(8) Барањето се доставува во еден оригинален примерок во писмена форма заверен и потпишан од страна на барателот.

(9) За постапување по поднесените барања за доделување на финансиска поддршка поднесени согласно оваа програма, од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство се формира Комисија, составена од претседател и четири члена и нивни заменици и тоа:

- еден претседател од редот на вработените во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- двајца членови и нивни заменици од редот на вработените во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и
- два членови и нивни заменици од Агенцијата за храна и ветеринарство.

(10) Комисијата ќе ги проверува доставените барања по истекот на рокот за поднесување барања утврден со јавните повици.

(11) Комисијата со записник го утврдува точниот бројот на пристигнати барања и утврдува колку баратели доставиле комплетна и навремена документација согласно оваа програма и јавните повици.

(12) За барателите кои доставиле комплетна и навремена документација согласно оваа програма и јавните повици, комисијата ја проверува формалната исправност на барањата и документите и изготвува записник за избор на корисници.

(13) Комисијата од ставот (9) на овој дел, во прилог на записникот од ставот (12) од овој дел изготвува листи на баратели по јавните повици, кои ги исполниле условите за доделување на финансиска поддршка согласно оваа програма и имаат уредна и комплетна документација подредени согласно рокот на доставување на комплетно барање врз основа на принципот „прв дојден, прв услужен" во која е содржан и прифатливиот износ за финансиска поддршка.

(14) Конечната одлука за распределба на средствата ја донесува министерот со Решение, на предлог на Комисијата, а врз основа на листата на баратели од ставот (13) од овој дел.

(15) Барателите кои не доставиле уредна и комплетна документација и кои не ги исполнуваат условите од делот III од оваа програма нема да бидат наведени во листата од ставот (13) од овој дел и ќе бидат известени дека барањето им е одбиено.

(16) Приложената документацијата не се враќа.

(17) Средствата за финансиска поддршка се доделуваат врз основа на склучен договор од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со секој корисник поединечно, за одобрените средства наведени во листата од ставот (13) од овој дел, почнувајќи од првиот барател на листата па редоследно до исцрпување на средствата предвидени со оваа програма.

(18) Одобрените средства во вкупниот износ се исплаќаат авансно на сметката на корисникот согласно рокот утврден во договорот од став (17) од овој дел.

(19) Корисниците на средствата по исплатата на финансиската поддршка согласно склучениот договор од ставот (17) од овој дел треба да ја набават опремата за производство на храна и/или да ангажираат стручно лице (технолог за производство на храна), согласно роковите утврдени во деловните планови и договорот.

(20) Корисниците на средствата до Министерството доставуваат Извештај за реализација на деловниот план пропратен со финансиски документи за извршени плаќања во рок од 45 дена од набавката на опремата од денот на потпишувањето на договорот за доделување на неповратна финансиска поддршка, како и други докази предвидени со договорот.

(21) Проверката на извештаите за реализација на деловен план со пропратните финансиски документи за извршени плаќања ја извршува комисијата од дел IV став (9) од оваа програма.

(22) Комисијата од делот IV став (9) е должна во рок од три месеци да достави записник за извршена проверка во извештаите за реализација од ставот (20) од овој дел до министерот.

(23) Набавената опрема за производство на храна од ставот (19) од овој дел согласно член 92 став (4) од Законот за земјоделство и рурален развој не може да се оттуѓува во период од пет години од денот на нејзината набавка.

(24) Во период од пет години комисијата од дел IV став (9) е должна да врши теренски контроли кај корисниците кои добиле поддршка и кои се наведени во записникот од став (22) од овој дел.

(25) Корисниците кои нема да ги искористат средствата за финансиска поддршка доделени согласно договорот од став (17) од овој дел и кои нема да постапат согласно ставот (19) од овој дел или кои ќе ја оттуѓат набавената опрема спротивно на став (23) од овој дел треба да ги вратат исплатените средства во целост, со пресметана законска казнена камата. Надлежност за барање на поврат на исплатени средства има комисијата од дел IV ставот (9).

V

За реализација на оваа програма Министерството доставува извештај до Владата на Република Северна Македонија со финансиски показатели најдоцна до 31 декември 2023 година.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-1375/5
7 февруари 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

**Прилог 1**

Република Северна Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave**

# БАРАЊЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НЕПОВРАТНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ОД ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ХРАНА ЗА 2023 ГОДИНА

**ЈАВЕН ПОВИК БР. ________________**

***Пополнува службено лице***

| Архивски број | Датум на поднесување на барањето |
|---|---|
| | |

*Пополнува барателот (правно лице)*

| Податоци за барателот (за правни лица) | |
|---|---|
| | |
| **ЕМБС** | |
| **ЕДБ** | |
| **Име на банката** | |
| **Банкарска сметка** | |
| **Број на вработени во правното лице** | |
| **Седиште на правното лице** | |
| **Адреса** | |
| **Поштенски фах** | |
| **Општина** | |
| **Телефон за контакт** | |
| **Е-адреса** | |
| **Овластено лице** | |
| **Име и презиме** | |
| **Позиција** | |
| **ЕМБГ** | |
| **Телефон за контакт** | |
| **Е-адреса** | |

*Пополнува барателот (за физички лица)*

| Податоци за барателот (за физички лица) | |
|---|---|
| | |
| **Име и презиме** | |
| **ЕМБГ** | |
| **Адреса** | |
| **Општина** | |
| **Е-адреса** | |
| **Телефон за контакт** | |
| **Име на банката** | |
| **Банкарска сметка** | |
| **Број на членови на земјоделско стопанство** | |

Прилог 2

| ИЗЈАВА |
|---|
| Јас, ___________________________________, под целосна морална, материјална и кривична одговорност ИЗЈАВУВАМ дека во потполност сум запознаен/а со условите за добивање на неповратна финансиска поддршка кои произлегуваат од Програмата за земјоделски производители на храна за 2023 година.<br>Истовремено ИЗЈАВУВАМ дека:<br>- податоците кои се наведени во барањето и приложената документација се точни, автентични и соодветствуваат со фактичката состојба, а за секоја лажна, неточна и непотполна изјава или документ одговарам согласно Кривичниот законик на Република Македонија („Службен весник на Р.М“. бр.114/09),<br>- сите финансиски средства добиени на нелегален начин или користени спротивно на целта за која се добиени ќе бидат вратени на Министарството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со пресметана законска камата,<br>- за иста намена и активности наведени во барањето немам користено, ниту пак во моментот имам доставено барање за користење на неповратни јавни средства од Буџетот на Република Македонија по однос на останати Програми за инвестиција,<br>- ќе обезбедам целосен и непречен пристап на контролорите од Министарството за земјоделство, шумарство и водостопанство до сите згради, простории, опрема, имот и документација поврзани со предметот на финансиската поддршка. |

Горенаведената ИЗЈАВА како и наведените податоци во барањето и документацијата ги потврдувам со СВОЕРАЧЕН ПОТПИС:

**Потпис**

_____________________________ **/ мп / (за правни лица)**

**Датум на поднесување:** ________________

Прилог 3

ДЕЛОВЕН ПЛАН

За Програмата за финансирање на земјоделски производители на храна

Име и презиме на барателот (физичко лице): ________________________________

Назив на барателот (правно лице): ____________________________________________

Назив на инвестицијата:

________________________________________________________

Вкупен износ на планираната инвестиција (без ДДВ):

_________________________ денари

Потпис / печат: ___________________

Место и датум: ____________________________

1. Опис на инвестицијата

Објаснување: треба да содржи генерална информација за типот на производ кој се произведува, видот на опремата, локација на производството, опис на објектите за производство и други релевантни податоци поврзани со инвестицијата.

Табела 1: приказ на финансиската конструкција на инвестицијата

| **Вид на опрема** | **Количина** | **Цена без ДДВ (во денари)** | **Цена со ДДВ (во денари)** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | Вкупно: | | |

Табела 2: трошок за ангажман на стручно лице (доколку барателот предвидува користење на услуги од стручно лице)

| Име и презиме | Износ |
|---|---|
| | |

2. Пазарни аспекти на инвестицијата

Објаснување: се бара опис на производите или услугите, потенцијален пазар, идентификација на потрошувачи, ценовен план со дистрибуција и продажба.

3. План за производство

Објаснување: опишете го технолошкиот процес на производството, план за набавка на суровини, годишен капацитет за производство со временски распоред во наредните пет години, планирани трошоци на производство и планирани приходи од производството за период од пет години.